# З А П И С Н И К

Од четириесет и петта седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 29.04.2025 година, (вторник) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни: 11** советници.

**Отсатни; Бујамин Рушити, Агнеса Зенуни, Адем Јетмир Јашари и Светлана Стаматоска**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Најстариот член на Советот Дончо Сијмановски, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување , а воедно кажа дека има и една дополнителна точка која гласи ,, Барање за финансиски средства за спонзорство со цел организирање на Општински ,,ИГРИ БЕЗ ГРАНИЦИ ,,.

Најстариот член на Советот праша дали има уште некоја измена и дополнување на дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Најстариот член на Советот дневниот ред со дополнителната точка го стави на гласање и истиот едногласно се усвои од присутните советници.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред.

1.Разгледување и усвојување на записникот од четириесет и четвртата седница на Советот на општина Брвеница.

2.Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година.

3.Разгледување и усвојување на Завршна сметка на Центарот за развој на Полошкиот плански регион за 2024 година.

4. Разгледување и усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Полошки плански регион 2021-2026 за 2024 година.

5.Предлог-Одлука за Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ ,,Коста Рацин,, Брвеница.

6.Предлог-Одлука за меѓуопштинска соработка помеѓу општина Брвеница и општина Желино.

7. Предлог-Одлука со која се дава огласност за кофинансирање за проект Заедничка иницијатива за Инфраструктурен Развој во Полошко Плански регион за ,,Реконструкција на Улица Стариот пат 2,, с.Милетино-Челопек на територијата на општина Брвеница.

8.Барање за спонзорство за реализирање на фестивалот БРВЕНИЦА ИГРА И ПЕЕ 2025, како и ослободување на спортската сала на располагање два дена додека трае фестивалот.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред ,, Разгледување и усвојување на записникот од четириесет и четвртата седница на Советот на општина Брвеница.

Најстариот член на Советот ја прочита истата и праша дали има забелешки на записникот.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **,,** Усвојување на записникот од четириесет и петтата седница на Советот на општина Брвеница,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните советници.

**II**

По однос втората точка на дневен ред, ,, **.** Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година ,,

Најстариот член на Советот збор му даде на Председателот на Комисијата за финансии.

Председателот на Комисијата за финансии зеде збор и кажа, точката помина на комисија каде што соодветниот од општината не беше тука да ни образложи, па јас како Председател на оваа комисија ќе се обидам да ви објаснам во кратки црти по однос на Кварталниот извештај.

Претседателот на Комисијата за финансии образложи по однос на точката и кажа, од вкупно 80.660.422,00 денари реализирани се 15.827.637,00 денари. Кај што е делот за самофинансирачки активности 1.440.000,00 денари реализирани се 306.278,00 денари. Од дотации од 142.750,191 реализирани се 34.934,419 денари и од донациите од вкупно 300.000 реализирани се 165.000 денари, што значи од вкупниот Буџет од 225.150,613 реализирани се

51.233,334 денари, значи приближно е реализирано колку што е предвидено за ова тромесечие. Ако има некое прашање повелете ќе се обидам да ви одговорам.

Најстариот член на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,, Усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година ,,,, ја стави на гласање и за истата беше едногласно прифатена од присутните советници

**III**

По однос на третата точка од дневниот ред ,, Разгледување и усвојување на Завршна сметка на Центарот за развој на Полошкиот плански регион за 2024 година,,.

Најстариот член на Советот збор и даде на Соодветната од општината да образложи по однос на точката.

Соодветната од општината зеде збор и кажа, се работи за тековни точки кои што се донесуваат во исти период од страна Полошки плански регион, несметавме дека е спорно кој да образложи бидејќи се работи за веќе завршени работи. Ќе образложам за двете точки а вие поединечно ќе си ги гласате. И во двете точки неможеме да делуваме бидејќи се работи за веќе завршени работи. Материјалот сте го имале најверојатно сте го прочитале и сте виделе дека нема тука што да се делува ,да се дискутира и образложува.

Најстариот член на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,, Усвојување на Завршна сметка на Центарот за развој на Полошкиот плански регион за 2024 година.,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните советници.

**IV**

По однос на четвртата точка од дневниот ред ,, Разгледување и усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Полошки плански регион 2021-2026 за 2024 година.,,

Најстариот член на Советот кажа, бидејќи беше образложено во претходната точка од страна на Соодветната од општината на нас останува да гласаме.

Најстариот член на Советот отвори расправа

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,, Усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Полошки плански регион 2021-2026 за 2024 година.,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните советници.

**V**

По однос на петтата точка од дневниот ред Предлог-Одлука за Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ ,,Коста Рацин,, Брвеница.

Најстариот Член на Советот зеде збор, ја образложи точката и кажа, се работи за едно вработување по однос на пензионирање. Еден наставник оди во пензија и треба тоа место да се пополни со нов вработен. Другото е тековно што го гласаме веќе три години, се работи за техничкиот персонал, помошно лице за техничкиот персоналза еден служител. Сеуште од министерството не ни е одобрено, ако ни стигне одговор повторно ќе дојде на седница и ќе го изгласаме.

Најстариот член на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката - Одлука за Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ ,,Коста Рацин,, Брвеница,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните советници.

**VI**

По однос на шесттата точка од дневниот ред ,, Предлог-Одлука за меѓуопштинска соработка помеѓу општина Брвеница и општина Желино,, .

Најстариот член на Советот збор и даде на Соодветната од општината да ја образложи точката .

Соодветниот од општината зеде збор и кажа, тука станува збор за меѓуопштинска соработка помеѓу општина Брвеница и општина Желино, што значи ние ќе бидеме услужени од страна на Општина Желино, значи ќе довиваме услуга од нивна страна.  Оваа соработка ни е потребна за градежен инспектор бидејќи нашиот вработен оди во пензија па мора некој на негово место да ги врши работите. Додека отвориме ново вработување и мора да биде со искуство како што гласи во систематизацијата и во опис на работните задачи, мора да имаме ваква соработка. По склучување на договор помеѓу градоначалниците, по потреба ќе ни биде испратен градежен инспектор од Општина Желино. Прво сега ние носиме одлука па потоа се склучуваат договорите.

Најстариот член на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката  ,, Одлука за меѓуопштинска соработка помеѓу општина Брвеница и општина Желино,, , ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на  присутните советници.

**VII**

По однос на седмата точка од дневниот ред  ,, Предлог-Одлука со која се дава огласност за кофинансирање за проект Заедничка иницијатива за Инфраструктурен Развој во Полошко Плански регион за ,,Реконструкција на Улица Стариот пат 2,,   с.Милетино-Челопек на територијата на општина Брвеница.

Најстариот член на Советот збор му даде Председателот на комисијата за урбанизам и кажа, оваа точка помина на комисија, едногласно ја прифативме, сега Соодветниот од општината може да ни обрзложи по однос на точката.

Соодветниот од општината зеде збор и кажа, ова е втора фаза од овој пат што ги поврзува с.Челопек и с.Милетино. Преку центар на полошко-плански регион на сите 9 општини кои што имаме аплицирано ни имаат пуштено допис за да можеме да носиме проекти. Беа предвидени по 1.200.000,00 денари за секоја општина. Бидејќи имаше некоја клаузула за тие општини што се накај центарот за полошко-плански регион, сите општини што ја имаат платено акутацијата нашата и уште три општини беа на ранг листата. Значи од 9 општини беа избрани 4 каде што спаѓаме и ние. Ние како општина заедно со градоначалникот седнавме и ги разгледавме проектите за да видиме кој е најефтин проект за да можеме да го спроведеме, бидејќи кофинансирањето ние како општина секогаш го покриваме. Така да се одлучивме за Стариот пат Милетино – Челопек во износ на проектот со 18 % ддв изнесува 5.042.074 денари. Ги имаме 2.400.000,00 денари од ЦППР а треба да одвоиме усте 2.768.125,41 денар или процентуално 54 % ние финансираме а 46 % од нивна страна од ЦППР. Освен документите што ги бараат тие со паликацијата и изјавата за кофинансирање на општината од страна на Градоначалникот, бараат и одлука од Советот за 2.768.125,41 денар. Треба Советот да ја изгласа и до петок најкасно треба да им ја доставам, затоа вие како комисија треба да дадете зелено светло па да помине и како точка на Советот.

Имаме аплицирано со 7 проекти во прва и втора фаза и се надеваме дека сите ќе се реализираатт. Ако нешто сакате да прашате повелете тука сум да ви одговорам.

Најстариот член на Советот кажа нашата општина на време имаше поднесено проект се во предвиденото време и комплетно изработено. Мислам дека сите едногласно треба да ја прифатиме оваа точка .

Најстариот член на Советот отвори расправа.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, се надевам дека летово ќе се заврши овој пат, денеска почнале со мерење, бидејќи жителите се интересираат што ќе биде, еве ја искористувам можноста да кажам дека се работи за патот од Алумина до мостот, втора фаза од мостот до земјоделскиот склад. Исто така и некои патишта ќе се прават со бекатон и на крајот патот Милетино-Челопек.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката - Одлука со која се дава огласност за кофинансирање за проект Заедничка иницијатива за Инфраструктурен Развој во Полошко Плански регион за ,,Реконструкција на Улица Стариот пат 2,, с.Милетино-Челопек на територијата на општина Брвеница.,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните советници.

**VIII**

По однос на осмата точка од дневниот ред ,, Барање за спонзорство за реализирање на фестивалот БРВЕНИЦА ИГРА И ПЕЕ 2025, како и ослободување на спортската сала на располагање два дена додека трае фестивалот.,,..

Најстариот член на Советот кажа, овој фестивал се одржува секоја година, до сега општината им излегуваше во пресрет, мислам дека и овој пат ќе треба ваквите манифестации да ги помагаме по можност во рамките на општината.

Најстариот член на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката Барање за спонзорство за реализирање на фестивалот БРВЕНИЦА ИГРА И ПЕЕ 2025, како и ослободување на спортската сала на располагање два дена додека трае фестивалот., , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните советници.

**IX**

По однос на деветтата и дополнителна точка од дневниот ред ,, Барање за финансирање за средства за спонзорство со цел организирање на општински игри без граници,,

Најстариот член на Советот кажа, и оваа точка е од културно уметнички карактер, и за ваквите манифестации секогаш општината излегува во пресрет и ги подржува ваквите барања, како и за претходната точка така и за оваа мислам дека треба едногласно да ја изгласаме.

Најстариот член на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката Барање за финансирање за средства за спонзорство со цел организирање на општински игри без граници,, , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши четириесет и петта седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**

Христина Радичевска

**Претседател на**

**Совет**

**Бр.08-599/2**

**Бујамин Рушити**

**29.04.2025 год.**

**Брвеница**